## Принципи на ИОПС за супервизија на приватни пензиски фондови

## Вовед

1. Основната цел на супервизијата на приватните пензиски фондови е да се промовира стабилноста, сигурноста и доброто управување со пензиските фондови и планови и да се заштитат интересите на членовите и корисниците на пензиските фондови. Супервизијата вклучува контрола на институциите како и примена и промоција на усогласување со регулатива поврзана со структурата и работењето на пензиските фондови и планови, а со крајна цел промоција на функционален пензиски сектор. Постигнувањето на стабилност во рамките на пензискиот сектор е важен дел од обезбедување на стабилност на целиот финансиски сектор. Супервизијата на пензиските фондови треба да внимава на финансиските иновации, како ин а финансискиот криминал.

2. Обезбедувањето на пензии има фундаментално економско и социјално значење преку овозможување на сигурен и соодветен приход по пензионирање. Ефективаната супервизија на пензиските фондови како и на институциите кои обезбедуваат пензиски производи и услуги е неопходна за да се обезбеди заштита на корисницте- која е важна задача за при продажабата на било кој финансиски производи на лица кои не се професионалци. Супервизијата на пензиските фондови е потребна за да се поддржат заштедите со кои управуваат приватни компании и воедно претставува средство кое помага во прилагодување на пензиите на пазарниот ризик. Ваквите ризици можат да бидат особено проблематични во поглед на пензиите а особено поради нивниот уникатен карактер, како:

- долгорочниот карактер на договорите и последователната потреба од стимулации или пак дури и потребата да се надмине личната "картковидост" во поглед на долгорочното штедење;
- нивната покриеност на широк социјален и економски опсег на население (особено каде постојат стимулации или потреби за „кратковидост")
- постои толеранција за низок ризик кај членовите и корисниците поради тоа што станува збор пред се за опстанок отколку за незадолжително штедење;
- комплексноста на производите, во кои има и прашања од областа на даноците, претпоставки за идните плати, животниот век, потешкотии во вреднувањето на средствата и обврските итн- комплекнсот која го надминува финансиското образование на најголем дел на инвеститорите и која ја поттикнува асиметријата на информаии меѓу обезбедувачите на пензии и финансиските посредници и корисници;
- ограничена конкуренција и избор при што во најголема мера одлуките се носат колективно од работодавците или синдикатите;
- нивното потенцијално влијание врз финансиските пазари и економската стабилност со оглед на нивната големина и константен пораст во поглед на финансиските пазари и БДП на земјите;
- нивната "социјална" како и финансиска улога која добива на се поголемо значење, имајќив о предвид дека реформите во многу земји им дадао најголемо значење на приватните пензии (преку даночни олеснувања и дрг тип на јавна политика), како и фактот дека старото население во многу случаи прави социјалнот осигурување да биде се поголем товар за државниот буџет, што доведува до намалување на државните пензии.

3. Во контекст на горенаведеото супервизијата на пензиските фондови се соочува со уникатни предизвици: во поглед на ***обемноста***, поради големиот број на пензиски фондови или планови под супервизија, бројот на членови и корисници, различните типови на пензиски производи и фактот дека супервизијата ќе треба да се координара меѓу сектори поради различната природа на институциите кои обезбедуваат пензија; како ив о поглед на длабочината на супервизијата, која е потребна за поради чувствителноста на членовите и корисниците и во многу случаи, поради задолжителниот карактер на системот.

4. Иако супервизијата има многу уникатни апсекти, ИОПС согледува дека многу супервизори работат во интегрирани структури на финансиска супервизија и поради тоа е важно овие принципи да се конзистентни со меѓународните принципи кои ги покриваат останатите институции кои нудат финансиски услуги. За таа цел ИОПС се стреми да се консултира со другите меѓународни институции.

**Опфат и покриеност**

5. Принципите на ИОПС за супервизија на пензиски фондови се дизајнирани така да ги покријат професионалните и индивидуалните пензиски планови и пензиските фондови.[1] Супервизијата на пензиските фондови вклучува мониторинг врз активностите на пензиските планови и фондови со цел да се обезбеди дека истите се во рамките на барањата на законите и дека пред се наметнуваат почитување на правилата[2]. Супервизорските активности варираат и зависат од законското опкружување, изброт за водење определена политика и многу други фактори. Генерално, тие би можеле да се дефинираат дека влијаат на промените во обезбедувањето на пензиите кои придонесуваат кон достигнување на целите на супервзијата, било преку диектна интервенција или преку давање уптаства. Обемот на супервизија може да опфати било која супервизорска активност која пред се е концентрирана на на обезбедување на почитување на ограничувањата и барањата од страна на пензиските фондови и планови.[3] Телата кои врат супервизија, а за кои се говори во Принципите, се дефинираат како тела одгвоорни за делумна или целосна супервизија на пензиските фондови, планови, шеми или аранжмани во земја или дел од земја, било да се посебни правни лица или не. Принципите се дизајнирани така да покријат различни видови на супервизорска структура (специјализирана, делумно интегрирана или целосно интегрирана). Пензиските производи исто така доаѓаат во различни форми (дефиниран придонес наспроти дефинирана пензија, задолжителни наспроти доброволни итн) но и пензиските системи на земјите во могу се разликуваат, имајќи во предвид дека се обликувани под влијание на разни фактори (во зависоност од природата на државата до нејзиниот економски развој и структурата на пензискиот пазар). ИОПС ја имаше во предвид различноста и има за цел овие Принципи да ја идентификуваат добрата практика која ќе се применува глобално.

---

[1] Принципите можеби нема да се применливи за оние пензиски планови и пензиски фондови во земјите на ЕУ кои се надовор од Дирецтивата 2003/41/ЕС на Европскиот праламент и Советот на Европа од 3.06.2003 година, а се однесува на активностите и супервизијата на институциите за професионални пензиски планови (на пример пензии финансирани преку резерви во сметководството на фирмите). Принсипите не ги покриваат договорите за осигурување (иако тие би можеле да се искористат и во професионалните и во индивидуалните пензиските планови). Принципите за супервизија на осигурувањето се обезбедени од страна на Меѓународната организација на супервизори на осигурување.

[2] Регулирањето на пензиските фондови предвидува активности кои имаат заеднички цели за определување на формата. Правилата и стандардите кои ќе ги дефинираат дозволените организации и активности, а во основа ќе се воспсотавата параметрите во рамките на секоја институција и кои ќе треба да функционираат. Принципите на ИОПС се изведени и се компатибилни со Принципот 6 за супервизија на ОЕЦД.

[3] Како што може да се види од статутот на ИОПС супервизијата во главно вклучува прашања поврзани со организацијата, структурата и функциите на супервизорското тело, развој на соодветни техники на супервизија и имплементација на применлива регулатива од страна на овие тела.

**Принцип 1 : Цели**

*Националните закони треба да им доделат јасни и експлицитни цели на супервизорските тела*

1.1 Главните стратешки цели на супервизорското тело треба да се јасно и јавно специфицирани. Тие би требало да се фокусирани на заштитата н а интересите на членовите и на корисниците на пензиските фондови. Целите исто така може да се насочат и кон стабилност и безбедност на пензиските фондови и планови, одржливоста на пензискит сектор како целина, промоција на доброто управување и охрабрување за обезбедување пензија.

1.2 Одговорностите на супервизорот треба да се јасни и објективни, кои ќе даваат јасни овластувања и ќе доделуват специфични задачи.

**Принцип 2 : Независност**

*Супервизорските тела треба да имаат оперативна независност*[4]

2.1 Супервизорското тело во извршувањето на своите функции и овластувања треба да има оперативна независност како од политичко влијание така и од комерцијално мешање.

2.2 Обезбедувањето на независност, стабилност и автономија се особено важни за сениорското ниво на раководители на телото. Предлгањето, именувањето и разрешувањето на директорот на супервизорското тело треба да се направи преку експлицитни процедури и транспраентни механизми. Директорот може да биде именуван за фиксен период.

2.3 Супервизорското тело треба да се финансира на таков начин што ќе обезбеди независност и треба да има транспарентност во дефинирањето и трошењето на буџетот.

2.4 Супервизорските акти можат да се оспорат единствено со судска одлука вклучувајќи судови со релеванти овластувања или преку парламентарен процес.

[4] Под оперативна независност се подразбира дека во секојдневното работење и одлучување супервизорското тело има автномност врз управувањето со сопствените активности. На повисоко, повеќе политички оприентирано ниво, супервизорките агенции би можеле да се предмет на владини или политички влијанија кои се вон нивна контрола, може да постои и меѓуфаза каде се бара одобрување од министер за примена на определени активности кои вклучуваат исклучување или одземање на дозвола на учесник на пазарот.

**Принцип 3: Адекватни ресурси**

*Супервизорските тела имаат потреба од соодветни финансиски, човечки и други ресурси*

3.1. На супервизорските тела треба да им се даде соодветен персонал и пристап кон ресурси.

3.2 Супервизорското тело треба да има свој буџет кој ќе биде доволен за телото да може да врши пропоционална, ефективна и независна супервизија. Финансирањето на телото, делумно или целосно, од страна на супервизораните пензиски фондови и планови би можело да се земе во предвид, под услов тоа да не ја загрозува независноста.

3.3 Супервизорското тело треба да вработува, обучува и одржува доволен број на вработени со високи професионални стандарди, кои вклучуваат соодветни стандарди на доверливост и разоткривање на информации (на пример интереси кај регулираните правни лица).

3.4 Директорите и раководителите на телото треба да се соодветно квалификувани, со соодветно образование, искуство, капацитет и углед.

3.5 Доколку капацитетите на супервизорското тело се ограничени или дококлку се смета за потребно, телото треба да има овластување да изнајмува (outsource) од трети лица (на пример, ревизори, актуари) супервизорски задачи – иако супервизорското тело единствено ј ја има одговорноста за супервизорскиот процес и одлуки. Кога некои од фунцкиите на супервизија се изнајмуваат од трети лица супервизорското тело треба да може да ја процени нивната компетентност, да ја надгледува нивната работа и да обезбеди нивна независност од пензиските фондови или други поврзани лица. Доколку е потребно, супервизорското тело терба да е способно да презема активности против овие трети лица било директно или преку соодветно професионално тело. Носењето на одлуки и примената на санкции во рамките на работата на супервизорското тело не треба да се изнајмува од трети лица.

**Принцип 4: Соодветни овластувања**

*На супервизорско тело треба да му се доделени определени истражн и и присилни овластувања за да може да си ги исполни своите функции и цели*

4.1. Супервизорското тело треба да биде законски задолжено да врши супервизија и треба да му се доделат овластувања и капацитети за извршување на овие овластувања.

4.2 Супервизорското тело треба да има овластување да ги извршува потребните супервизорски функции, согласно природата на пензискиот систем под супервизија. Ефективната супервизија на пензиските фондови или планови треба да се фокусира на почитување на законската регулатива, финансика контрола, одржување на потребен минимум капитал, инвестициска активност, добро управување и интегритет, актуарско испитување, супервизија на пензиски планови или друштва за управување со пензиски фондови и известување и информирање на членови. Овластувањата треба да дозволуваат соодветна теренска и вонтеренска контрола.

4.3 Супервизорското тело треба да има сеопфатни истражни и присилни овластувања. При сомнеж за проблем супервизорот треба да има овластување да изврши комплетна истрага, да ги обврзе фондовите да достват документи и информации и да наметне корективни мерки и активности доколку не се почитуваат наредбите на супервизорот – до степен на примена на овластување за наметнување на административни санкции како што се парични казни, овластување да се преземе управувањето, да се одземе дозволата за работа или да се

прибегне кон криминално гонење. Во некои случаи овластувањата може да дозволат и носење на обврзувачка регулатива.

**Принцип 5: Ориентираност кон ризик**

*Супервизијата треба да се стерми кон намалување на најголемите потенцијални ризици за пензискиот систем*

5.1 Целите на супервизијата на приватните пензиски фондови треба да се базираат на ризик. Супервизорските тела треба да имаат стратегија за алоцирање на своите ограничени ресурси кон таргетирање на активности кои ги олеснуваат ризиците на пензиските фондови или планови, а кои претставуваат најголеми ризици за постигнување на супервизорските цели. Ова значи дека тие ја разбираат веројатноста и влијанието на потенцијалните ризици.

5.2 Супервизорите треба да се проактивни да се стремат кон избегнување на значителни проблеми пред истите да настанат и да интервенираат на пропорционален начин колку што е можно порано и да ги користат оние супервизорски инструменти кои додаваат вредност на саканиот супервизорски резултат.

**Принцип 6: Пропорционалност и конзистентност**

*Супервизорските тела треба да обезбедат дека условите за истрага и присила се пропорционални на ризиците кои се олеснуваат и дека нивните активности се конзистентни*

6.1 Корективните активности и санкциите кои ги наметнува супервизорот треба да се пропорционални на проблемот кој се решава. Во преземањето или промовирањето на олеснувачки активности супервизорот треба да одбере од овластувањата кои ги има согласно проценотото ниво на сериозност на ризикот и неусогласување со определен пропис.

6.2 Степенот на барања кои супервизрот ги има од пензиските фондови или планови и поврзаните лица под супервизија треба да биде во согласност со вредноста која се очекува да се добие.

6.3 Во исполнување на своите супервизорски овластувања, супервизорското тело треба да им даде на пензиските фондови и планови, онаму каде што е возможно, флексибилност со која тие би се усогласиле со барањата во регулативата.

6.4 Супервизорските одлуки и интервенции треба да се конзистентни и да ги земат во предвид условите на секој случај поединечно. Супервизорите треба да имаат процедури (на пример, документација, обука, проверка) за да се обезбеди дека слични одлуки се носат во слични ситуации и дека одлуките се носат на објективни и непристрасни основи.

**Принцип 7: Консултации и соработка**

*Супервизорските тела треба да се консултираат со ентитетите кои ги супервизираат и да соработуваат со други супервизорски тела*

7.1 Супервизорското тело треба да се консултира, каде што е потребно, со пензискиот сектор кога ќе го утврдува сопствениот пристап на супервизија.

7.2 Супервизорското тело е овластено да разменува информации со други релевентни супервизорски тела кои подлежат на законски и барања за доверливост. Ова вклучува соработка со други тела или сектори на тела кои се вклучени во пензиската супервизија како на национално така и на меѓународно ниво (особено онаму каде постојат меѓугранични пензии), како и со тела кои супервизираат други релевентни финансиски институции или пазари и други агенции кои спроведуваат почитување на закони. Соработката треба да биде како за цели на зголемена ефикасност (да се избегнат преклопувања и да се промовираат економии на обем и опсег) така и за промовирирање на проактивни превентивни мерки (на пример спречување на финансиски криминал).

**Принцип 8: Доверливост**

*Супервизорскот тело треба соодветно да постапува со доверливи информации*

8.1 Супервизорот може да објавува доверливи информации доколку е дозволено со закон.

8.2 Во поглед на не-јавни информации супервизорот треба кога од него ќе го побара тоа изворот на тие информации да обезбеди нивна доверливост и да одржува соодветна заштита на доверливите инфорации кои ги поседува.

8.3 Кога супервизорот не е сигурен за статусот на определена информација треба истата да ја третира како доверлива доколку истата не е јавно достапна или пак да провери за нејзиниот статус кај изворот на информацијата.

8.4 Доколку изворот на една информација е согласен, супервизорското тело може да ја пренесе истата до други супервизорски тела или агенции кои имаат легитимни супервизорски интереси и исти стандарди на доверливост.

8.5 Во случаи на премин на персонал од супервизорското тело кон приватниот сектор треба да постојат механизми против разоткривање на доверливи информации.

8.6 Трети лица од кои супервизорското тело изнајмува определени супервизорски услуги треба да подлежат на истите барања за доеврливост како и персоналот на супервизорското тело.

**Принцип 9:Транспарентност**

*Супервизорските тела треба да работат транспарентно*

9.1 Супервизорските тела треба да усвојат јасни, транспарентни и конзистентни процеси. Супервизорското тело треба да ги објави правилата и процедутите како и сите нивни ажурирани верзии. Супервизорското тело генерално треба да работи во транспарентно опкружување и треба да изготвува и објавува редовен извештај – најмалку годишен и навремено да го издава- за спроведувањето на сопствената политика, да ги објасни своите цели и да ги опише своите достигнувања во оствaување на целите. Супервизорското тело треба да подлежи на редовна ревизија и барања за известување и да обезбеди дека мандатот и функциите на супервизорското тело не можат да се менуваат на ад хок основа.

9.2 При преземање на управувањето на пензиските фондови или планови супервизорското тело треба да им ја објасни состојбата на сите кои се засегнати со неа.

9.3 Супервизорското тело, на редовна основа, треба да изготвува и објавува јасни и точни информации за пензиската индустрија како и за јавноста – како например информации за финансиската состојба на пензиската индустрија и согледувањата за главните случувања во пензискиот сектор. Известувањето во основа би било на агрегатна основа но може да биде и по индивидуални пензиски фондови и во тој случај правилата за доверливост би биле особено релевантни.

**Принцип 10: Управување**

*Супервизорското тело треба да се придржува до сопствениот кодекс на управување и треба да биде одговорно*

10.1 Супервизорското тело треба да има и да се придржува до кодекс на управување, воспоставувајќи соодветни внатрешни контроли, поделба на овластувањата и процеси за управување со ризици и перформанси. За сите вработени треба да се постави и кодекс на однесување.

10.2 Траба да постојат јасно документирани процедури за процесот на донесување на одлуки, при што ќе се развијат процеси за носење одлуки до определено ниво на раководење, прегледување и документирање на одлуките.

10.3 За интервенции кои имаат сериозно влијание треба да постои определена поделба меѓу оние кои предлагаат мерки и оние кои носат финална одлука, така што обемот на итната постапка се балансира преку процесс на проверка.

10.4 Супервизорските тела треба да се одговорни за своето однесување и активност. Супервизорскитетела треба да имаат аранжмани за одговорност кои може да варираат во зависност од условите во определена земја и кои може да вклучат одговорност на повеќе тела, од парламентот па се до членовите на пензиските фондови или планови.

10.5 Процедурите треба да се така поставени да друштво за управување со пензиски фондови или пензиски палнови може да се пожали пред супервизорот или соодветниот суд за одлуки кои ги донел суперевизорот кои влијаат на нив и кои тие ги сметаат за неконзистентни со законските одредби.